# ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПАЗАР ВО Р.МАКЕДОНИЈА ВО ТРЕТИОТ КВАРТАЛ НА 2010 ГОДИНА

Во третиот квартал на 2010 година на пазарот на осигурување во Р. Македонија работат 13 друштва за осигурување, односно истите пазарни учесници како и во 2009 година, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 2 осигурување на живот. Во овој период зголемен е бројот на осигурително брокерски друштва за 1 ново друштво (МАКОИЛ БРОКЕР), со вкупен број од 14 друштва, додека бројот на друштвата за застапување е 6, како што е во првата половина на 2010 година.

Во доменот на подзаконската регулатива, објавени се 3 подзаконски акти, и тоа:

1. Правилник за условите за стекнување со и испитување на стручната подготвеност потребна за вршење осигурително брокерски работи („Сл. Весник на Р. Македонија бр. 102/2010„);
2. Правилник за условите за стекнување со и испитување на стручната подготвеност потребна за вршење работи на застапување во осигурувањето („Сл. Весник на Р. Македонија бр. 102/2010„); и
3. Правилник за контен план за друштвата за осигурување и реосигурување („Сл. Весник на Р. Македонија бр. 148/2010„).

Согласно податоците добиени од страна на друштвата за осигурување при редовното известување на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) согласно членот 104 од Законот за супервизија на осигурување („Сл. Весник на Р. Македонија бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09 и 67/10”), заклучно со третиот квартал на 2010 година остварена е бруто полисираната премија (во понатамошниот текст „БПП“) од 4,7 милијарди денари (ЕУР 76,33 милиони) што претставува пораст од 6,9% во однос на БПП остварена во истиот период во текот на 2009 година.

Позитивниот тренд е присутен кај двате групи во осигурувањето, со тоа што во делот за неживото осигурување е остварена БПП во износ од 4,47 милијарди денари (Q3 2009: 4,2 милијарди денари), или 95,10% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пораст од 6% во однос на истиот период од мината година. Во делот за осигурување на живот, што претставува 4,90% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, е остварена БПП во износ од 230,42 милиони денари (Q3 2009: 195,35 милиони денари) што преставува пораст од 18%.

На крајот на третиот квартал, во доменот на пазарната концентрација, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП е 4, во споредба со 3 друштва од истиот период минатата година, при што во однос на првото полугодие, нема позначајни промени. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Вардар Осигурување со 22.1% (Н1 2010: 21,27%, Q3 2009: 23,24%), Кјуби со 13.4% (Н1 2010: 13,54%, Q3 2009: 15,58% ), Сава Табак со 11.7% (Н1 2010: 11.85%, Q3 2009: 13,52%) и Еуролинк со 10.9% (Н1 2010: 12.07%,Q3 2009: 9,20%).

Во рамки на одделните класи на осигурување нема забележителни отстапувања во однос на структурата на вкупната БПП, со тоа што како и досега најзначајна категорија е задолжителното осигурувањето од автоодговорност (АО) со 48,13% (Q3 2009: 47,8%), доброволното осигурувањето на патнички возила (каско) со 12,64% (Q3 2009: 13,82%) , осигурување на имоти со 17,71% (Q3 2009: 16,49%) и осигурувањето од незгода со 9,65%. (Q3 2009: 10,26%). Во овие категории позначајана промена бележи БПП од задолжителното осигурувањето од АО во износ од 2,26 милијарди денари со пораст од 8% (Q3 2009: 2,1 милијарди денари), како и кај имотните осигурувања во износ од 833 милиони денари со пораст од 15% (Q3 2009: 530,8 милиони денари).




Исто така, на крајот на третиот квартал на 2010 година бројот на осигурувања е 842.316, што претставува пораст од 9% во однос на истиот период во 2009 година. Вкупниот број на договори во групата на неживотно осигурување изнесува 818.179 (Q3 2009: 751.555) што претставува пораст од 9% во однос на истиот период во 2009 година. Соодветно на трендовите на движењето на БПП, во делот на неживотното осигурување, остварени се 405,472 договри за задолжителното осигурувањето од АО што претставува пораст од 9% (Q3 2009: 359.605), 39.865 договри за имотните осигурувања со пораст од 4,36% (Q3 2009: 38.200) и речиси без промени кај договорите за доброволното осигурувањето на патнички возила (каско) со вкупен број од 35.532 (Q3 2009: 35.631). Во делот на осигурувањето на живот, бројот на договорите изнесува 24.137 што претставува пораст од 15% (Q3 2009: 21.002) во однос на истиот период во 2009 година.